Sweden
Sverige

# СПРАВУВАЊЕ СО ЗАГАДУВАЊЕТО НА ВОЗДУХОТ ВО КАВАДАРЦИ

UNDP




**1. Сообраќајот** е главен извор на загадување на воздухот во Кавадарци, којшто значајно се зголемува во текот на летниот период.
2. **Минералната прашина, прашината од градежништво и ресуспензија од улиците** е вториот најзначаен извор на загадување. Овој извор на загадување се забележува во текот на целата година.
**3. Согорувањето на биомаса** е главен извор на загадување во текот на зимските месеци. Ова загадување е поврзано со загревање на домаќинствата, но и со согорувањето на биомаса во фурни, ресторани, како и во малите индустриски објекти.

*Истражувањето на изворите на загадување на воздухот во Кавадарци го спроведе лабораторијата АМБИКОН при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, во периодот од март 2023 до февруари 2024.

## ДА БИДЕМЕ ОДГОВОРНИ ГРАЃАНИ, ДА ЈА ПРЕКИНЕМЕ ЛИНИЈАТА НА ЗАГАДУВАЊЕТО!




### Секој од нас може да придонесе кон подобрување на квалитетот на воздухот што го дишеме!

- заменете ги старите печки на дрва со **топлотни пумпи**
- зголемете ја **енергетската ефикасност** на објектите во кои живеете и работите
- користете **обновливи извори на енергија**
- садете повеќе **дрвја** и зголемувајте ги **зелените површини**
- **пешачете,** возете **велосипед** и користете **јавен превоз**
- **чистете ги улиците**
- **подобрете го возниот парк и поставете полначи за електрични возила**
- **НЕ** горете отпад и земјоделски и градинарски остатоци на нивите


Проектот „Справување со загадувањето на воздухот“ е дел од Програмската рамка на УНДП, финансирана од Шведска. Проектот го имплементира Програмата за развој на Обединетите Нации (УНДП) во партнерство со Министерството за животна средина и просторно планирање и општините Кавадарци, Куманово, Гостивар, Струга и Струмица.

Во рамки на програмата исто така се спроведува и проектот „Јакнење на општинските капацитети за имплементација на проекти“.